РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1649/1
29-05-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 18 -та седница одржана на 21.05.2025 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 09-2230/1 од 19.08.2024 година, оформен по пријава за утврдување на состојба на судир на интереси против лицата ------------, поранешен државен секретар во Министерството за ---------- и ---------------, поранешен државен секретар во ------------------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК не утврди повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што нема елементи за понатамошно постапување.
Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-2230/1 од 19.08.2024 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител во која се изнесуваат наводи за судир на интереси против поранешни службени лица, односно ------------, поранешен државен секретар во Министерството ------------------ и ---------------, поранешен државен секретар во ----------------. Имено, во пријавата има наводи дека ---------------, која од 2013 година до 2017

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

година ја извршувала функцијата државен секретар во Министерството ----------------, со --------- потпишала соработка и заедничко финансирање на различни проекти со

буџетски пари, за да подоцна по завршување на функцијата, побарала апанажа, по што се вработува како -------------, за проект кој претходно го договарала од позиција на Државен секретар во Министерството -------------------.

Вториот случај кој е пријавен се однесува на лицето ---------------, поранешен државен секретар во -------------, која истата функција ја извршувала од 2018 година до 2022 година. Веднаш по завршување на споменатата функција се вработила како проектен менаџер во --------------, иако претходно од позиција на државен секретар во ------------, остварила соработка со истите, презентирајќи заеднички проекти.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК изврши проверка во својата службена евиденција и се обрати до соодветните институции и врз основа на прибавената документација се утврди следново:

Лицето ---------------- било на функцијата Државен секретар во Министерството за ------------------ во период од 16.10.2013 година до 01.06.2017 година. ДКСК нема законски основ да утврди дали лицето --------------, поранешен Државен секретар во Министерството за --------------, извршило/не извршило повреда на член 47 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерес во кој е уредено Ограничувањето за вршење дејност по престанок на функција, бидејќи овој закон влегува во сила на 19.01.2019 година, односно по завршување на мандатот на споменатото лице. Од тој аспект безпредметно е постапувањето во конкретниот случај, бидејќи не би произлегол соодветен ефект од истото, односно не може да се изрече соодветна мерка.

Имено, согласно член 4 од Законот за прекршоци:

-*„Никому не може да му биде изречена прекршочна санкција за прекршок кој пред да е сторен не бил со закон определен како прекршок и за кој со закон не била пропишана прекршочна санкција.“*

Понатаму, по однос на наводите за повреда на одредбите од ЗСКСИ кои се однесуваат на ограничувањето за вршење дејност по престанок на функција од страна на лицето --------------, ДКСК во два наврати се обиде да добие одговор од Канцеларија на ------------- дали лицето -------------- е ангажирано по друг основ во Канцеларија на -----------------------. Одговор по однос на ова барање не беше доставен.

ДКСК се обрати и до Агенцијата -------------, по што видно од изводокот од компјутерска евиденција на ------------ на регистрирани пријави/одјави М1/М2 за споменатото лице, истата не е вработена во--------------------.

Со оглед дека ДКСК не утврди повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од страна на лицата ---------- и -------------- , следуваше да одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р С.М. – советник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ. – член на ДКСК